**ТЕХНОЛАБ доо Скопје**
Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа
*П.фах 827, Бул. К. Ј. Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058, 070 384 194*
*www.tehnolab.com.mk ; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk*

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за 2018 година
за спроведување на обуки
за стручно усовршување на стручни лица за БЗР

Врз основа на РЕШЕНИЕТО бр. 08-3075/4 од 22.05.2015 година издадено од Министерството за труд и социјална политика со кое му се дава одобрение на Технолаб Доо Скопје за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа, а со цел стручно надградување и оспособување на стручните лица за безбедност и здравје при работа, Технолаб Доо Скопје ја донесе следната ГОДИШНА ПРОГРАМА за 2018 година за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за БЗР:

| Тема | Облик на стручно оспособување | Временска рамка |
|---|---|---|
| Дефинирање на краткорочни и долгорочни планови за БЗР (основни елементи, цели, планирање на буџет) | работилница | Февруари/март 2018 |
| Одржување на безбедноста при работа на работни места изложени на хемиски штетности | Еднодневен семинар | март/април 2018 |
| Права и обврски на стручното лице за БЗР во обезбедување на безбедноста при работа | Еднодневен семинар | април/мај 2018 |
| Работа на отворено во услови на високи температури | Еднодневен семинар | Мај/јуни 2018 |
| Изложеност вработени на јонизирачко зрачење и мерки за заштита | Стручно предавање | Јули 2018 |
| Европски директиви за БЗР | обука | Септември 2018 |
| Имплементација на системот за квалитет OHSAS 18001 | работилница | Октомври 2018 |
| Ризици и потенцијални опасности по здравјето на вработените кои работат во канцеларија | Обука | Ноември 2018 |

***НАПОМЕНА:*** Технолаб го задржува правото да направи измена или дополнување на годишната програма за спроведување на на обуки за стручно усовршување на стручни лица за БЗР согласно со барањата на слушателите и измените во законската регулатива што се однесува на безбедноста при работа.

Годишната програма за спроведување на обуки за стручно усовршување е направена врз основа на потребата на стручните лица за БЗР за унапредување и утврдување на стекнатите знаења и вештини за извршување на работите од областа на безбедност при работа.

При спреведување на Програмата стручните лица за БЗР ќе имаат можност да се вклучат на повеќе начини и тоа:

- Пасивно како учесници на стручните предавања, семинари, работилници или обуки и

- Активно како предавачи со сопствени излагања на семинари и стручни предавања.

Во согласност со Правилникот за начинот и бодувањето на активното и/или пасивното учество во обуки за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа, Ве молиме да одобрите одредување на 10 бодови по ден за секое стручно лице кое ќе учествува пасивно како учесник на стручните предавања, семинари, работилници или обуки и 20 бодови по ден за секое стручно лице кое ќе учествува активно како предавач со сопствени излагања на семинари и стручни предавања.

Врз основа на РЕШЕНИЕТО бр. 08-3075/4 од 22.05.2015 година издадено од Министерството за труд и социјална политика со кое му се дава одобрение на Технолаб Доо Скопје за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа, ТЕХНОЛАБ на сите учесници на планираните стручните предавања, семинари, работилници или обуки ќе им издаде ПОТВРДА СО БОДОВИ за учество на стручна обука организирана во Република Македонија.

**“ТЕХНОЛАБ” доо СКОПЈЕ**
***Друштво за технолошки и лабораториски испитувања, проектирање и услуги***
**Директор**
***М-р Магдалена Трајковска Трпевска дипл. хем. инж.***